**АД КИРО ДАНДАРО-БИТОЛА**

**Единечни финансиски извештаи
за годината што завршува на
31 декември 2023 и
Извештај на независните ревизори**

## СОДРЖИНА


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независните ревизори | 1 - 2 |
| Единечен извештај за сеопфатната добивка | 3 |
| Единечен извештај за финансиската состојба | 4 |
| Единечен извештај за промените во главнината | 5 |
| Единечен извештај за паричните текови | 6 |
| Белешки кон единечните финансиски извештаи | 7 - 30 |
| Прилог 1 – Единечен годишен извештај | |
| Прилог 2 – Единечна годишна сметка | |

mazars

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.mazars.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА АД КИРО ДАНДАРО-БИТОЛА**

*Извештај за единечните финансиски извештаи*

Извршивме ревизија на приложените единечни финансиски извештаи на АД КИРО ДАНДАРО-БИТОЛА (во понатамошниот текст "Друштвото"), кои се состојат од единечниот извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2023 година, единечниот извештај за сеопфатната добивка, единечниот извештај за промените во главнината и единечниот извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува и преглед на значајни сметководствени политики и останати објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за единечните финансиски извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие единечни финансиски извештаи во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија и интерната контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на единечните финансиски извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие единечни финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и стандардите за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека единечните финансиски извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за собирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во единечните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на единечните финансиски извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на единечните финансиски извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата, исто така, вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на единечните финансиски извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, единечните финансиски извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на АД КИРО ДАНДАРО-БИТОЛА на ден 31 декември 2023 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија.

(продолжува)

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**

**ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА**
**АД КИРО ДАНДАРО-БИТОЛА (продолжение)**

*Извештај за други правни и регулаторни барања*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување на единечниот годишен извештај (прилог 1 кон единечните финансиски извештаи) и единечната годишна сметка (прилог 2 кон единечните финансиски извештаи) во согласност со Законот за трговски друштва и истите беа прифатени и одобрени од раководството на Друштвото и кои Друштвото е во обврска да ги поднесе до Централниот регистар на Република Северна Македонија. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на единечниот годишен извештај со единечната годишна сметка и единечните финансиски извештаи на Друштвото. Ние ги извршиеме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани финансиски извештаи што се применува во Република Северна Македонија. Според наше мислење, историските финансиски информации обелоденети во единечниот годишен извештај се конзистентни со единечната годишна сметка и приложените ревидирани единечни финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2023 година.

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Овластен ревизор
Управител

Јане Иванов
Овластен ревизор

27 мај 2024 година

**ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА**
**За годината што завршува на 31 декември 2023**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од продажба | 5 | 954,092 | 943,758 |
| Останати приходи | 6 | 9,989 | 13,708 |
| | | 964,081 | 957,466 |
| **Трошоци** | | | |
| Разлика помеѓу почетни и крајни залихи | | 10,075 | 20,846 |
| Суровини, потрошени материјали и резервни делови | 7 | (654,640) | (728,146) |
| Амортизација | 12 | (42,560) | (43,289) |
| Трошоци за вработените | 8 | (69,891) | (65,133) |
| Останати оперативни трошоци | 9 | (115,034) | (118,437) |
| | | (872,050) | (934,159) |
| **Оперативна добивка** | | 92,031 | 23,307 |
| Расходи за камати, нето | 10 | (2,600) | (1,912) |
| Негативни курсни разлики, нето | 11 | (222) | (937) |
| **Добивка пред оданочување** | | 89,209 | 20,458 |
| Данок на добивка | | - | - |
| **Добивка за годината** | | 89,209 | 20,458 |
| **Останата сеопфатна добивка / (загуба) по оданочување** | | 173 | (22) |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | 89,382 | 20,436 |
| **Заработувачка по акција** | | | |
| *- основна (во денари)* | 23 | 183.96 | 42.19 |
| *- разводнета (во денари)* | 23 | 183.96 | 42.19 |

Белешките кон единечните финансиски извештаи се интегрален дел од единечните финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

Единечните финансиски извештаи беа одобрени за издавање на 29 февруари 2024 година од страна на раководството на АД КИРО ДАНДАРО-БИТОЛА.

Одобрено од,

Петар Милошевски
Генерален извршен директор

Гордана Кутлешовска
Финансиски директор

**ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА**
**На 31 декември 2023 година**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 12 | 456,801 | 437,668 |
| Вложувања во подружница | 13 | 310 | 310 |
| Вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба | 13 | 6,053 | 5,880 |
| | | 463,164 | 443,858 |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 14 | 213,063 | 243,250 |
| Побарувања од купувачи | 15 | 188,135 | 199,802 |
| Останати побарувања | 16 | 49,243 | 19,069 |
| Пари и парични еквиваленти | 17 | 55,514 | 19,857 |
| | | 505,955 | 481,978 |
| **Вкупно средства** | | 969,119 | 925,836 |
| **АКЦИОНЕРСКА ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| **Акционерска главнина** | 18 | | |
| Основна главнина | | 151,152 | 151,152 |
| Откупени сопствени акции | | (13,358) | (13,358) |
| Премија од сопствени акции | | (23,760) | (23,760) |
| Задолжителна резерва | | 31,657 | 31,657 |
| Посебна резерва | | 32,482 | 33,516 |
| Акумулирана добивка | | 559,327 | 469,866 |
| | | 737,500 | 649,073 |
| **ОБВРСКИ** | | | |
| **Долгорочни обврски** | | | |
| Долгорочни кредити | 19 | 72,415 | 59,875 |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 21 | 82,293 | 113,499 |
| Останати обврски | 22 | 45,345 | 34,300 |
| Краткорочни кредити | 20 | - | 41,699 |
| Тековен дел на долгорочните кредити | 19 | 31,566 | 27,390 |
| | | 159,204 | 216,888 |
| Вкупно тековни и долгорочни обврски | | 231,619 | 276,763 |
| **Вкупно акционерска главнина и обврски** | | 969,119 | 925,836 |

Белешките кон единечните финансиски извештаи се интегрален дел од единечните финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

**ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА**
**За годината што завршува на 31 декември 2023**
**(Во илјади денари)**

| | Основна главнина | Сопстве-ни акции | Премија од сопстве-ни акции | Задолжи-телна резерва | Посебна резерва | Акуму-лирана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1 јануари 2022** | 151,152 | (13,358) | (23,760) | 31,657 | 34,301 | 486,405 | 666,397 |
| Нето добивка за годината | - | - | - | - | - | 20,458 | 20,458 |
| Останата сеопфатна добивка – ефекти од ревалоризација на хартии од вредност | - | - | - | - | - | (22) | (22) |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | - | - | - | - | - | 20,436 | 20,436 |
| Исплатена дивиденда на акционерите | - | - | - | - | - | (36,975) | (36,975) |
| Исплати на вработените за испратнина за престанок на работен однос и помош | - | - | - | - | (785) | - | (785) |
| **31 декември 2022** | 151,152 | (13,358) | (23,760) | 31,657 | 33,516 | 469,866 | 649,073 |
| Нето добивка за годината | - | - | - | - | - | 89,209 | 89,209 |
| Останата сеопфатна добивка – ефекти од ревалоризација на хартии од вредност | - | - | - | - | - | 173 | 173 |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | - | - | - | - | - | 89,382 | 89,382 |
| Останати усогласувања | - | - | - | - | - | 79 | 79 |
| Исплати на вработените за испратнина за престанок на работен однос и помош | - | - | - | - | (1,034) | - | (1,034) |
| **31 декември 2023** | 151,152 | (13,358) | (23,760) | 31,657 | 32,482 | 559,327 | 737,500 |

**ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2023**
**(Во илјади денари)**

| | Белешки | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| Добивка пред оданочување | | 89,209 | 20,458 |
| *Усогласување за:* | | | |
| Амортизација | | 42,560 | 43,289 |
| Вредносно усогласување на залихите, нето | | 508 | 1,460 |
| Исправка на вредноста на побарувањата, нето | | (300) | (1,846) |
| Отпис на побарувања | | 115 | 103 |
| Капитална добивка од продажба на средства, нето | | (79) | (1,046) |
| Ослободување на амортизација за донирани средства | | (4,566) | (2,686) |
| Расходи за камати, нето | | 2,600 | 1,912 |
| *Промени во обртниот капитал:* | | | |
| Зголемување на побарувања од купувачи и останати побарувања | | (14,219) | (29,115) |
| Намалување / (Зголемување) на залихи | | 30,221 | (36,973) |
| ( Намалување) / Зголемување на обврски кон добавувачи и останати обврски | | (20,161) | 67,753 |
| Платени камати | | (2,600) | (1,912) |
| *Вкупни усогласувања* | | 34,079 | 40,939 |
| **Нето парични средства генерирани од оперативни активности** | | 123,288 | 61,397 |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | | |
| Набавка на недвижности, постројки, опрема | | (61,693) | (35,309) |
| Приливи од продажба на недвижности, постројки и опрема | | 79 | 1,104 |
| **Нето парични средства користени за вложувачки активности** | | (61,614) | (34,205) |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| (Одливи) / Приливи за кредити, нето | | (24,983) | 25,343 |
| Исплатени дивиденди и исплати на вработените од нето добивката | | (1,034) | (37,760) |
| **Нето парични средства користени за финансиски активности** | | (26,017) | (12,417) |
| **Нето зголемување на пари и парични еквиваленти** | | 35,657 | 14,775 |
| Пари и парични еквиваленти на почетокот на годината | 17 | 19,857 | 5,082 |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на годината** | 17 | 55,514 | 19,857 |

Белешките кон единечните финансиски извештаи се интегрален дел од единечните финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.